

# Дали Вие издавате фискални сметки?

Управата за јавни приходи ги повикува сите даночни обврзници доследно да ги применуваат и исполнуваат обврските во делот на фискализацијата и Законот за регистрирање на готовинските плаќања.
Даночните обврзници кои вршат промет на добра и услуги, а за кој плаќањето се врши во готово, должни се да воведат и користат фискален апарат и да издаваат фискална сметка, односно да ги регистрираат извршените готовински плаќања.

## Немојте да бидете дел од оние кои не плаќаат данок!

### Набавете фискален апарат

Доколку даночниот обврзник нема воведено фискален апарат, Управата за јавни приходи ќе му изрече забрана за вршење на дејност во деловната просторија (објект) во траење од 30 дена на даночниот обврзник/правно лице, односно 15 дена на даночниот обврзник/физичко лице.
Глобата за непоседување на фискален апарат изнесува:

- за правното лице - 1.000 € во денарска противвредност;
- за одговорното лице кај правното лице - 500 € во денарска противвредност и
- за физичко лице - 200 € во денарска противвредност.

Доколку даночниот обврзник ја плати глобата во рок од 8 дена, износот на паричната казна се намалува за 50%.

### Издавајте фискални сметки

Во случај на неиздавање фискални сметки за извршениот промет или извршената услуга, на самото место на даночниот обврзник ќе му се изрече глоба во висина од 50% од:

- 1.000 € во денарска противвредност на правното лице;
- 500 € во денарска противвредност на одговорното лице кај правното лице и
- 200 € во денарска противвредност на физичко лице.

И во двата случаи, на непоседување на фискален апарат или неиздавање на фискална сметка, ако даночниот обврзник не ја плати глобата во рок од осум дена, УЈП поднесува барање за поведување на прекршочна постапка, при што ќе му се изрече глоба во висина од 4.000 € до 5.000 € во денарска противвредност.

### Забрана за вршење на дејност

Доколку во повторна контрола, УЈП констатира дека даночниот обврзник повторно не користи фискална апаратура, односно не издава фискални сметки за извршениот промет или извршената услуга, се изрекува забрана за вршење на дејност во деловната просторија (објект) во траење од:

- 30 дена за даночен обврзник - правно лице и
- 15 дена за даночен обврзник - физичко лице

Истовремено против даночниот обврзник ќе биде поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, при што ќе му се изрече глоба во висина од 4.000 € до 5.000 € во денарска противвредност.

info@ujp.gov.mk

www.ujp.gov.mk